КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

## Ноември **2021**




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА


Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Појавата на новата варијанта на корона вирусот - "Омикрон", го зголеми ризикот за забавување на процесот на економско опоравување и раст, што доведе до пад на глобалните акциски индекси во месец ноември.
Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се намали за 2,51%, а при тоа најголем пад имаа акциите од земјите во развој (мерени преку MSCI Emerging Market индексот). Од почеток на годината раст на вредноста имаат американските акции со раст од 21,59% (мерени преку S&P 500 индексот) и акциите на европските компании (мерени преку STOXX 600 индексот) со раст од 16,02%, додека вредноста на индексот на акциите од земјите во развој во истиот период се намали за 6,11%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се намали за 1,88%, со што растот од почетокот на годината изнесува 25,13%.
Во текот на месецот раст на вредноста имаа акциите на Македонски Телеком и НЛБ Банка со раст од 2,94% и 1,44% соодветно, додека најголем пад на вредноста имаа акциите на Макпетрол со пад од 6,01% и ТТК Банка со пад од 5,69%.
Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на НЛБ Банка и Комерцијална Банка со раст од 57,53% и 45,96% соодветно.






*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Континуираното зголемување на стапките на инфлација го зголеми стравот за промена на политиката на ниски каматни стапки, што доведе до раст на приносите на државните обврзници  од почетокот на годината.  На крајот на месец ноември, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 2,17% и 1,45% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од -0,35%.



Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец ноември најголем раст во однос на еврото имаа јапонскиот јен (JPY) и кинескиот јуан (CNY) со раст од 2,75% и 2,21% соодветно, додека значителен пад имаа австралискиот долар (AUD) со пад од 3,37% и руската рубља (RUB) со пад од 2,46% .
Од почеток на годината, пад во однос на еврото имаше јапонскиот јен (JPY), а за истиот период значителен раст на вредноста имаа кинескиот јуан (CNY) чија вредноста се зголеми за 10,50% и американскиот долар (USD) со раст од 7,73%.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*